Сојуз на дефектолози на Р.Македонија
Ул. 11 Октомври 42а, ДХЗ „Даре Џамбаз“ , Скопје
Тел.+389 02/ 3166-131 лок.23 e-mail:sojuz_defektolozi@yahoo.com

**До Министерство за труд и социјална ролитика**

**Предмет:Иницијатива за донесување на Закон за дефектолошка дејност**

**I- Оцена на состојбите во областа што треба да се уреди со Закон**

Во Р.Македонија уште пред повеќе од шеесет години е пристапено кон воспитание, образование, заштита и рехабилитација на лицата со инвалидност, зависно од развојните општествено –економски односи. Бидејќи личноста претставува целосно и комплексно единство на физички, ментални и општествени компоненти, кои го сочинуваат ентитетот на општественото битие и го обезбедуваат неговото постоење во општествената средина, може да се заклучи дека работата со лицата со инвалидност претставува сложен и мултидисциплинарен процес, кој бара ангажираност на повеќе полиња. Крајната цел на овој процес е хуманизација на општествената положба на лицата со инвалидност, развивање на нивните преостанати психофизички способности и работна активност што води кон развивање на чувството на припадност и рамноправност.

Во последните години интересот повеќе е насочен кон развојот на раната дијагностика, раната интервенција и раниот третман.Се превземаат мерки и активности за интеграција на овие лица во сите сфери од општественото живеење, преку имплементирање и донесување на законски прописи и одредени проекти за нивна интеграција постапно и зависно од нивните можности и способности како и можностите на државата. Во тој контекст дефектологот од сите насоки игра значајна улога во давање на стручна помош заштита и рехабилитација, воспитание и образование на децата со посебни образовни потреби односно лицата со инвалидност. Дефектологот е одговорен и значаен дел од мултидисциплинарниот тим во здравството, воспитанието, образованието, социјалната заштита и сл.

**II- Причини поради кои треба да се донесе Законот**

Со донесување на Законот ќе се обезбеди професионално, етичко, стручно и одговорно однесување на дефектологот во пристапот и работата со децата со посебни образовни потреби односно лицата со инвалидност во сите области и сфери кои ги третираат овие лица.

Законот чие донесување се предлага се заснова врз начелата на етика, хуманост, еднаквост, инвалидска заштита, домашна, национална и меѓународна правна заштита и меѓународни стандарди. Со овој закон се настојува да се регулира дејноста на дефектолозите, што е особено значајно кога ќе се земе во предвид дека се повеќе, како на национално така и на европско ниво, се настојува да се регулира состојбата на лицата со инвалидност. Зацврстување на идентитетот, подигање на стручната етика, поттикнување на стручно напредување на секој поединец дефектолог, ќе биде значаен допринос кон стручен развој во вид на експанзија на научно заснована пракса. **За родителите на деца со развојни проблеми и за лицата со инвалидност особена придобивка од овој закон би било добивање на квалитетни, високо сручни и стандардизирани услуги преку изедначување на квалитетот на услугите и дефинирање на стручните овластувања .**

Имплементацијата на овој закон ќе го регулира сивиот пазар на услуги (кој е со низок квалитет) и **ќе овозможи регуларна приватна дефектолошка дејност.** Донесувањето на законот ќе ја зголеми одговорноста на дефектолошкиот профил во приватна пракса. Конкуренцијата на пазарот ќе овозможи поквалитетни услуги како и спроведување на казнени одредби при кршење на стручното работење. Законот ќе овозможи спроведување на регулирана подршка и подостапни услуги за децата со развојни проблеми и со посебни образовни потреби и за лицата со инвалидност на сите нивоа- труд и социјала, образование, здравство.

Со овој закон ќе се уреди и **основање на комора на дефектолозите** преку која ќе се обезбедат и пропишат подзаконски акти за вршење на самостојна дефектолошка дејност, стручниот пристап, етиката и вкупната одговорност на дефектолозите во спроведувањето на дефектолошката дејност, издавање и одземање на општи и посебни лиценци, односно донесување кодекс за професионална етика на дефектолозите. Дефектолошката комора треба да обезбеди задолжителна стручна надградба, ќе го намали бројот на замена на дефектолозите со несоодветни кадри, ќе ја прати потребата од дефектолози со соодветни специјализации и ќе поттикнува развој на нови услуги и мрежа на услужни центри. Дефектолошката комора ќе обезбеди лиценци за работа, кои во денешно време се бараат за секое занимање. Заштитата на дефектолошката дејност преку обезбедување на цена на услуги, стандарди за изведување на услуги и користење на стандардизирани принципи, како во државните институции така и во приватната пракса, ќе го отвори полето на конкурентно работење, а сето тоа ќе резултира со високо стручен квалитет.

Сите унапредувања на дефектолошката дејност кои се очекуваат како последица од овој закон, имаат директно влијание врз животниот квалитет на корисниците на услуги и нивната социјална средина, достигнување на чувството на рамноправност во општествената средина.

Од државен интерес е уредувањето на дефектолошката дејност како важен предуслов за брза и квалитетна имплементација на националната политика за социјално вклучување на децата со посебни потреби и лицата со инвалидност, како и унапредување на нивните права.

**III- Оцена на финансиските последици од предлогот на Законот врз буџетот и други јавни финансии**

Законот чие донесување се предлага не предизвикува финансиски имплементации во Буџетот на Р.Македонија.

## IV-Состојбата со дефектолошката дејност во земјите од соседството

Во Република Хрватска на 21 Октомври 2011 донесен е Закон за едукациско-рехабилитаторска дејност, на предлог на Министерството за здравство и социјална работа и Сојузот на дефектолози на Р. Хрватска. (терминот едукациско-рехабилитаторска дејност е синоним за дефектолошка дејност).

Во различни странски држави дефектолошката дејност, односно дејноста на специјалните едукатори и рехабилитатори е регулирана на различни нивоа во рамки на државата. Но регулирањето произлегува од Законот за Специјална едукација (IDEA). Ќе наведеме некои e-mail адреси каде е наведен начинот на организирање на постдипломското образование и лиценцирање на дефектолошката дејност во САД од страна на Национална Асоцијација за Специјални Едукатори (NASET) и Американска Академија за Специјални Едукатори (AASEP).

http://www.naset.org/specialedlaw01.0.html-aasep.org

**Suggested citation:** Bureau of Labor Statistics, U.S. Department of Labor, *Occupational Outlook Handbook, 2010-11 Edition*, Teachers—Special Education, on the Internet at http://www.bls.gov/oco/ocos070.htm (visited *January 15, 2012*).

**Suggested citation:** Bureau of Labor Statistics, U.S. Department of Labor, *Occupational Outlook Handbook, 2010-11 Edition*, Speech-Language Pathologists, on the Internet at http://www.bls.gov/oco/ocos099.htm (visited *January 15, 2012*).

08.02.2012 год.

Скопје

Сојуз на дефектолози на Р.Македонија

Претседател

Горан Петрушев